ПП бр: 13 - 30 / 9
22.04.2026

Врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехрамбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата, во состав: М-р. Борче Размоски – претседател, М-р. Малинка Силјановска Николиќ, Александар Тргачевски, Никола Трајчевски и Valon Elezi – членови, постапувајќи во постапката поведена по службена должност, со заклучок ПП бр.13-30/4 од 29.01.2026 година против Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија, на седница одржана на ден 22.04.2026 година го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1) Се утврдува дека Друштво за трговија СПАР НОРТХ МАЦЕДОНИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје-Бутел, Република Северна Македонија со ЕМБС: 4333314, ЕДБ: 4029992100497 и жиро с-ка: 200000009755088 во Стопанска Банка АД Скопје, сторило прекршок од член 26 став (1) точка 2), а во врска со член 7 став (6) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.66/24 од 20.03.2024 година), на начин што:

- Од својот добавувач - СТ Компани ДООЕЛ со бр.000944, СПАР НОРТХ МАЦЕДОНИА ДООЕЛ Скопје има набавувано производи кои се опфатени со Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, без притоа да изврши измирување на обврските во законски предвидениот рок од максимални 60 денови. Како резултат на неплатени фактури со датуми во периодот 30.10.2025-20.11.2025 година, во текот на постапката е утврдено дека на ден 23.01.2026 година, неплатените обврски кон добавувачот СТ Компани ДООЕЛ Скопје, кои се постари од 60 денови, изнесувале 625.935,00 денари и
- Од својот добавувач - Нимекс ДОО со бр.001142, СПАР НОРТХ МАЦЕДОНИА ДООЕЛ Скопје има набавувано производи кои се опфатени со Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, без притоа да изврши измирување измирување на обврските во законски предвидениот рок од максимални 60 денови. Како резултат на неплатени фактури со датуми во периодот 27.10.2025-26.12.2025 година, во текот на постапката е утврдено дека на ден 23.01.2026 година, неплатените обврски кон добавувачот Нимекс ДОО, кои се постари од 60 денови, изнесуваат 2.740.807.00,00 денари.

Со наведеното постапување, правното лице СПАР НОРТХ МАЦЕДОНИА ДООЕЛ Скопје, не ги исполнило предвидените законски одредби за условите и роковите за плаќање, со што постапило спротивно на императивните одредби од член 7 став (6) од Законот и го сторило прекршокот предвиден во член 26 став (1) точка 2) од Законот, при што за сторениот прекршок му се изрекува глоба во износ од од 10.000,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

2) Се утврдува дека согласно член 26 став (2) од Законот, на одговорното лице (Управител) во правното лице Друштво за трговија СПАР НОРТХ МАЦЕДОНИА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, 1000 Скопје-Бутел, Република Северна Македонија, Арбнор Гаши со живеалиште на адреса Ул. ХАМДИ ЃРАЈЌЕВЦИ бр. 5.7, Косово Поле, Република Косово, му се изрекува глоба во износ од 350,00 евра во денарска противвредност по среден курс на Народната Банка на Северна Македонија на денот на уплатата.

3) Глобата од точка 2) и точка 3) од ова решение, сторителот на прекршокот е должен да ја плати во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението на трансакциска сметка на налогопримач: 100-0000000630-95, уплатна сметка: 840xxx[1]07337 - глоби за сторени прекршоци од областа во надлежност на Комисијата за заштита на конкуренцијата, со приходна шифра 722139 и програма 00, налогопримач - Министерство за финансии, банка на примач – НБРСМ и до Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата да достави доказ/примерок од извршената уплата на глобата во рок од 15 дена од извршената уплата. Неплатената глоба или ненавремено платената глоба, ќе се наплати по присилен пат. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 24 став (1) точка 1) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи (во понатамошниот текст: „Законот"), откако Комисијата за одлучување по прекршок (во понатамошниот текст: „КОП") во целост ќе ја утврди фактичката состојба од значење за правилно одлучување, донесува решение со кое утврдува дека лицето против кое е поведена постапката сторило прекршок предвиден со одредбите од овој закон и изрекува соодветна прекршочна санкција.

**На 22.01.2026 година**, на седница на Комисијата за одлучување по прекршок при Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: „КОП"), врз основа на член 9, 10 и 19 од Законот, беше донесен Заклучок за прибавување на докази на лице место ПП бр.13-30/1 од 22.01.2026 година во правното лице Друштво за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје, со седиште на Македонско Косовска Бригада 11 бр.1/1, Скопје, Република Северна Македонија, со ЕМБС 4333314 и ЕДБ 4029992100497 (во понатамошниот текст: „Кит-го"), поради постоење на сознание дека истите поседуваат предмети, исправи или друга документација или има сознанија кои можат да бидат од значење за утврдување на прекршок.

**На 23.01.2026 година**, за време на вршењето на дејствијата предвидени со член 19 од Законот во Кит-го, овластените лица од Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: „Комисијата") се претставија и легитимираа пред присутните претставници на Кит-го и предадоа една копија од Заклучокот за прибавување податоци на лице место. На прашање на Комисијата до присутните претставници на Кит-го дали со добавувачите на прехранбени и земјоделски производи имаат склучено договори согласно

[1] Се наведува ознаката на општината согласно Списокот на општини со ознаки во Република Македонија, кој е составен дел на Упатството за начинот на евидентирање, распоредување и поврат на јавните приходи (Службен весник на Р.М. бр.8/06)

Законот за нефер трговски практики, овластеното лице на Кит-го, одговори дека имаат склучено договори согласно Законот со сите добавувачи на земјоделски и прехранбени производи. На прашањето дали имаат листа на добавувачи на прехрамбени и земјоделски производи, овластеното лице на Кит-го одговори дека имаат таква листа. Истата беше побарана од страна на Комисијата и дадена на увид. На прашањето дали се придржуваат на роковите за плаќање предвидени со Законот, кој за лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи изнесува 30 дена, а за другите земјоделски и прехрамбени производи 60 дена, овластеното лице одговори дека се придржуваат на горенаведените рокови.

Од страна на Комисијата беше прашано дали кон следните добавувачи од приложената листа плаќањата ги извршуваат во законски предвидениот рок:

- Мако Маркет, Даути Комерц, СТ Компани, Виндија Интернационал, Нимекс ДОО, овластеното лице на Кит-Го одговори дека се трудат да ги подмират обврските во законски предвидените рокови.

Од страна на овластените лица на Комисијата беше побарано на увид картици на отворени ставки-(извод на отворени ставки)-IOS за добавувачите: Даути Комерц, СТ Компани, Виндија Интернационал, Нимекс ДОО. Истите беа дадени на лице место на овластените лица на Комисијата.

Од страна на овластените лица на Комисијата беа побарани картици со Виндија Интернационал ДООЕЛ, а од картицата беа побарани докази за плаќање на следните фактури:

- 719498 од 26.05.2025 година-платена на 24.07.2025 година.
- 720070 од 29.05.2025 година-платена на 24.07.2025 година
- 719852 од 28.05.2025 година-платена на 24.07.2025 година.
- 726045 од 09.07.2025 година-платена на 04.09.2025 година.
- 726751 од 14.07.2025 година-платена на 04.09.2025 година.

Доказите за плаќање на горенаведените фактури беа прикажани на овластените лица на Комисијата на лице место.

За извршените разговори и побарани податоци од Кит-го, овластените лица од Комисијата водеа Записник ПП бр.13-30/2 од 23.01.2026 година, а за прибавената документација на лице место беше составена потврда за одземена документација ПП бр.13-30/3 од 23.01.2026 година.

**КОП изврши анализа на прибавените докази на лице место и утврди дека:**

- Видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ - Даути Комерц со бр.000953 и со датум од 23.01.2026 година, Кит-го има набавено производи опфатени со Законот од овој добавувач. КОП утврди дека обврските за плаќање на Кит-го кон Даути комерц кои се постари од 60 денови, на ден 23.01.2026 година изнесуваат 1.474.197,00 денари. Деталната спецификација на неплатените фактури со број, датум и износ се прикажани во прибавениот ИОС - Извод на отворени ставки. Неплатените фактури кои се постари од 60 денови, видно од прибавениот ИОС на ден 23.01.2026 година, се со датуми во периодот од 18-21.11.2025 година.

- Видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ - СТ Компани ДООЕЛ со бр.000944 и со датум од 23.01.2026 година, Кит-го има набавено производи опфатени со Законот од овој добавувач. КОП утврди дека обврските за плаќање на Кит-го кон СТ Компани ДООЕЛ Скопје кои се постари од 60 денови, на ден 23.01.2026 година изнесуваат 625.935,00 денари. Деталната

спецификација на неплатени фактури со број, датум и износ се прикажани во прибавениот ИОС - Извод на отворени ставки. Неплатените фактури кои се постари од 60 денови, видно од прибавениот ИОС на ден 23.01.2026 година, се со датуми во периодот 30.10.2025 - 20.11.2025 година.

- Видно од ИОС НА ДОБАВУВАЧ - Нимекс ДОО со бр.001142 и со датум од 23.01.2026 година, Кит-го има набавено производи опфатени со Законот од овој добавувач. КОП утврди дека обврските за плаќање на Кит-го кон Нимекс ДОО кои се постари од 60 денови, на ден 23.01.2026 година изнесуваат 2.740.807.00,00 денари. Деталната спецификација на неплатени фактури со број, датум и износ се прикажани во прибавениот ИОС - Извод на отворени ставки. Неплатените фактури кои се постари од 60 денови, видно од прибавениот ИОС на ден 23.01.2026 година, се со датуми во периодот 27.10.2025 -26.12.2025 година.

Врз основа на анализа на дотогаш прибавените докази, КОП утврди дека од страна на Кит-го постои доцнење при извршување на обврските за плаќање кон наведените купувачи, кое ги надминува максимално дозволените законски рокови за плаќање од 60 денови предвидени во член 7 став (6) од Законот. КОП утврди дека ова постапување на Кит-го претставува евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот.

**На 29.01.2026 година,** врз основа на член 9 став (3), член 10 и член 12 од Законот, на седница на КОП беше донесен Заклучок за поведување на прекршочна постапка против Кит-го ПП бр. 13-30/4 од 29.01.2026 година, заради тоа што сторил евентуален прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот. Со допис ПП бр.13-30/5 од 29.01.2026 година, КОП го достави заклучокот ПП бр. 13-30/4 од 29.01.2026 година до Кит-го.

**На 12.02.2026 година,** Кит–го достави до КОП - Одговор на заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр.13 -30/6 од 12.02.2026 година.

Во доставениот одговор, Кит-го има наведено дека:

- Во однос на утврденото доцнење, целокупниот износ на наведените обврски е во целост подмирен. Причините за задоцнетото плаќање се од објективна природа и се должат на периодот на празници кога поради намален обем на деловни активности и ограничено работење на финансиските институции дошло до краткотрајно одложување на реализацијата на плаќањата. Ова доцнење не било со намера.
- Со сите наведени добавувачи имаат воспоставено долгогодишна, континуирана и коректна деловна соработка, заснована на јасно дефинирана и стабилна деловна практика, при што обврските редовно и навремено ги подмирувале во согласност со договорените рокови. Констатираното доцнење за плаќање на обврските спрема добавувачите преставувало исклучителен случај, кој не е резултат на намера, ниту пак на примена на нефер трговска практика, а веднаш по неговото утврдување истото е целосно отстрането со целосно плаќање.
- Во прилог на Одговорот на заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр.13-30/6 од 12.02.2026 година, Кит-го достави до КОП 3 (три) копии од налози за пренос-ПП30, кои се со датум на банкарска заверка од ден 10.02.2026 година. Од увидот во приложените копии од банкарски налози-ПП30, КОП утврди дека на 10.02.2026 година, Кит-го платил

износ од 1.474.197,00 денари кон добавувачот Даути Комерц, износ од 625.935,00 денари кон добавувачот СТ Компани ДООЕЛ и износ од 2.740.807.00,00 денари кон добавувачот Нимекс ДОО. КОП утврди и дека прилозите кои се наведени во истиот допис со ПП бр.13-30/6 од 12.02.2026 година - (Картици на добавувачи и Банкарски изводи за реализираните уплати), не се доставени од Кит-го до КОП.

**На 19.02.2026 година**, согласно прибавените докази во дотогашниот тек на постапката, а врз основ на член 9 став (3), член 10 и член 21 од Законот, на седница на КОП беше донесено – Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-30/7 од 19.02.2026 година. Известувањето беше испратено до Ки-го со допис ПП бр. 13-30/8 од 19.02.2026 година.

Согласно член 21 став (2) од Законот, во рок од 15 дена од денот на приемот, правното лице има право писмено да се изјасни по наводите содржани во известувањето, да даде забелешки и да предложи изведување на доказите со кои располага, а кои се од значење за правилно утврдување на фактичката состојба. КОП утврди дека заклучно со 22.04.2026 година, Кит-го нема доставено до КОП допис или изјаснување по испратеното Известување за утврдена фактичка состојба ПП бр. 13-30/7 од 19.02.2026 година.

**Имајќи ја предвид целокупно утврдената фактичка состојба и изведените докази во постапката, КОП оцени дека во конкретниот случај се исполнети законските услови за утврдување на прекршок од член 26 став (1) точка 2) од Законот за забрана на нефер трговски практики во синџирот на снабдување со земјоделски и прехранбени производи, во врска со член 7 став (6) од истиот Закон.**

Согласно член 6 став (1) точка 2) од Законот, за значителна преговарачка моќ, односно за нефер трговски практики, согласно одредбите од Законот, при продажбата на земјоделски и прехранбени производи се сметаат, доколку добавувачите имаат годишен приход поголем од 2.000.000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 10.000.000 евра во денарска противвредност, а купувачите имаат годишен приход поголем од 10.000.000 евра во денарска противвредност.
Во конкретниот случај, добавувачите Нимекс ДОО и СТ Компани ДООЕЛ имаат годишен приход поголем од 2.000.000 евра во денарска противвредност, но не поголем од 10.000.000 евра во денарска противвредност, додека купувачот Кит-го има годишен приход поголем од 10.000.000 евра во денарска противвредност.

Согласно член 7 став (6) од Законот, доколку договорот за снабдување од ставот (1) на овој член предвидува редовна испорака на:
- лесно расипливи земјоделски и прехранбени производи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 30 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 30 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен и
- други земјоделски и прехранбени производи кои не се сметаат за расипливи, условите и роковите за плаќање на секоја испорака од ставот (2) точка 4) на овој член не можат да бидат подоцна од 60 дена по завршувањето на договорениот период на испорака во кој е извршена или подоцна од 60 дена по датумот на кој е утврден износот во испратницата или фактурата

што треба да се плати за тој период на испорака, без оглед кој од овие датуми е подоцнежен. Во конкретниот случај, КОП утврди дека од страна на Кит-го како купувач, постои доцнење при извршување на паричните обврски кон добавувачите Нимекс ДОО и СТ Компани ДООЕЛ, кое ги надминува законски дозволените рокови од 30 односно 60 дена предвидени во член 7 став (6) од Законот. Заклучоците на КОП по однос на прекршување на одредбите од членот 7 став (6) од Законот, се потврдени и од страна на Кит-го, во рамки на доставениот - Одговор на заклучокот за поведување прекршочна постапка ПП бр.13-30/6 од 12.02.2026 година. Согласно се погоре наведено, КОП утврди дека Кит-Го не постапува согласно законските обврски кои го определуваат рокот на плаќање на обврските кон добавувачите на земјоделски и прехрамбени производи, а ваквото однесување на Кит-го, преставува прекршок согласно член 26 став (1) точка 2), а во врска со член 7 став (6), став (7), став (8) и став (9) од Законот.

Согласно 26 став (1) точка 2) од Законот, КОП на правното лице кое во својство на купувач кон неговите добавувачи употребува значителна преговарачка моќ со наметнување нефер трговски практики, со решение ќе му изрече глоба во износ од 1.000 до 2.000 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 2.000 до 4.000 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 6.000 до 12.000 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 10.000 до 20.000 евра во денарска противвредност за голем трговец, ако не ги почитуваат условите и роковите на плаќање, согласно со членот 7 ставови (6), (7), (8), (9), (10) и (11) од овој Закон.

Согласно 26 став (2) од Законот, КОП на одговорното лице во правното лице за дејствата од ставот (1) на овој член, ќе му изрече глоба во износ од 50 до 100 евра во денарска противвредност за микротрговец, глоба во износ од 100 до 200 евра во денарска противвредност за мал трговец, глоба во износ од 200 до 350 евра во денарска противвредност за среден трговец и глоба во износ од 350 до 500 евра во денарска противвредност за голем трговец.

Согласно член 28 став (1) од Законот, во одмерувањето на износот на глобата, КОП ќе ги земе во предвид тежината на прекршокот, времетраењето на прекршокот и опсегот на повредата и последиците предизвикани со прекршокот.

Согласно 28 став (2) од Законот, КОП при одмерување на глобата најпрво определува основен износ на глобата, а потоа истиот го приспособува, земајќи ги предвид олеснителните или отежнителните околности.

Согласно 28 став (3) точка 2) од Законот, КОП при одмерување на глобата го зема во предвид фактот дека сторителот на прекршокот ефективно соработуваше со КОП.

Од увидот во тековната состојба на субјектот Кит-Го, КОП утврди дека на 19.03.2026 година е извршена промена на тековната состојба во деловите: назив/фирма; скратен назив на субјектот; подружница и акт за основање на Кит-го. Согласно утврдените промени, целосниот назив на правното лице Друштвото за трговија КИТ-ГО ДООЕЛ Скопје се менува во Друштво за трговија СПАР НОРТХ МАЦЕДОНИА ДООЕЛ Скопје.

Имајќи го предвид видот на прекршокот, кој согласно член 26 став (1) точка 2) од Законот е квалификуван како потежок прекршок, КОП оцени дека е оправдано изрекувањето на глоба во износ од 10.000,00 евра за правното лице и 350,00 евра за одговорното лице.

Заради сето горе наведено се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд во рок од триесет (30) дена од денот на приемот на ова решение. Тужбата го одлага извршувањето на решението.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**КОМИСИЈА ЗА ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПРЕКРШОК**
**Претседател**
**М-р. Борче Размоски**